# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 202** **3 октомври 2019, четврток** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3205. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија............ | 2 |
| 3206. | **Деловник** за изменување на Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија............................... | 2 |
| 3207. | **Одлука** за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија..................... | 3 |
| 3208. | **Одлука** за пренос на Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за 2019 година за вршење на регулираната енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД МЕПСО Скопје........... | 3 |
| 3209. | **Исправка** од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија........... | 3 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-12 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3205.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 октомври 2019 година.

Бр. 08-5317/1
3 октомври 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002, 46/2002, 37/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), во насловот и во целиот текст зборовите: „Република Македонија“, се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Членот 12 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на работодавач-правно лице, ако платите не ги исплати или ги исплати спротивно на овој закон.

Глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на одговорно лице во правното лице.

Глоба во износ од 100-150 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член на овластено службено лице во правното лице.“.

Член 3

Во Законот за изменување на Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 139/14), членот 1 се менува и гласи:

„Работодавачот утврденото право на плата во 2019 година може да го зголеми за 5%, започнувајќи со исплатата за септември 2019 година.“.

Член 4

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PAGESËN E RROGAVE NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

Neni 1

Në Ligjin për pagesën e rrogave në Republikën e Maqedonisë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002, 46/2002, 37/2005, 121/2007, 161/2008, 92/2009, 97/10, 11/12, 145/12, 170/3, 139/14 dhe 147/15), në titull dhe në tërë tekstin fjalët: “Republika e Maqedonisë”, zëvendësohen me fjalët: “Republika e Maqedonisë së Veriut”.

Neni 2

Neni 12 ndryshohet si vijon:

“Gjobë në shumë prej 800 deri në 1.000 euro në kundërvlerë me denarë do t’i shqiptohet punëdhënësit – person juridik, nëse rrogat nuk i paguan apo i paguan në kundërshtim me këtë ligj.

Gjobë në shumë prej 400 eurosh në kundërvlerë me denarë do t’i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni personit përgjegjës në personin juridik.

Gjobë në shumë prej 100 - 150 euro në kundërvlerë me denarë do t’i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni personit zyrtar të autorizuar në personin juridik.”.

Neni 3

Në Ligjin për ndryshimin e Ligjit për pagesën e rrogave në Republikën e Maqedonisë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 139/14), neni 1 ndryshohet si vijon:

“Punëdhënësi të drejtën e përcaktuar për rrogë në vitin 2019 mund ta zmadhojë për 5%, duke filluar me pagesën për shtator 2019.”.

Neni 4

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut të përcaktojë tekstin e spastruar të Ligjit për pagesën e rrogave në Republikën e Maqedonisë.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”.

# УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3206.**

Врз основа на член 113 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на 24.9.2019 година, донесе

**Д Е Л О В Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИКОТ НА УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/1992), зборовите: „Република Македонија“, се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Овој деловник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Су. бр. 693/19
27 септември 2019 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Северна Македонија,
**Никола Ивановски,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3207.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17, член 71 став (4) и член 235 став (2) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 31 став (1) точка 2) и став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19 и 54/19), постапувајќи по службена должност, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 септември 2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ОРГАНИЗИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата за вршење на енергетската дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, издадена со Одлука Бр. 02-1342/1 од 14 ноември 2005 година, изменета со Одлука УП1 Бр. 12-47/17 од 21 март 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/05 и 38/17) ПРЕСТАНУВА.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, ќе се применува од 1 октомври 2019 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП 1 бр. 12-47/17
30 септември 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

**3208.**

Врз основа на член 32 став (1) точка 2) алинеја 1, во согласност со член 24 став (1) точка 1) алинеја 16 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) а во врска со Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје УП1 бр. 12-15/19 од 25 септември 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 197/19) и Одлуката за престанок на лиценцата за вршење на енергетската дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје УП1 бр. 12-47/17 од 30 септември 2019 година, постапувајќи по службена должност, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 септември 2019 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕНОС НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД И РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА ЗА 2019 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНАТА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ОРГАНИЗИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ПАЗАРОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ОПЕРАТОРОТ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, АД МЕПСО СКОПЈЕ**

1. Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за 2019 година за вршење на регулираната енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, АД МЕПСО Скопје УП1 бр. 08-44/19 од 28 јуни 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 132/19) која се однесува на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија СЕ ПРЕНЕСУВА на Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, ќе се применува од 1 октомври 2019 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Бр. 02-3123/1
30 септември 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

---

**3209.**

**ИСПРАВКА**

Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија УП1 бр. 07-114/12 од 30 јули 2012 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/12, се врши исправка на номиналната активна моќност на генераторите за хидроелектроцентралите МХЕЦ „Лукар 1“, МХЕЦ „Лукар 2“ и МХЕЦ „Лукар 3“ при што во алинеја 17 од Прилог 2 на Одлуката номиналната активна моќност на генераторот од „240 kW“ се менува со номинална активна моќност на генераторот од „250 kW“.

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk
**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622
2019202